# С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

## Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К

**Од ШЕСТАТА седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 16.12.2025 година**

**СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА**
**Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К**

**Од Шестата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 16.12.2025 година**

Седницата започна во 13:10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на советот на Општина Гази Баба, **Виктор Трпевски**.

На седницата свикана по барање на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата "Твоја Македонија", бр.09-10015/1 од 15.12.2025 година присуствуваа мнозинство членови на советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Петтата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Петтата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **24 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на совет - **Виктор Трпевски**:

За работата на седница на советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

Пред усвојување на предложениот дневен ред за збор се јави членот на советот - Влатко Ристовски (Левица) и Градоначалникот на Општина Гази Баба.

За работата на седницата со **21 глас "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Расправа во врска со дезинформациите за мигрантски кампови и политичките манипулации кои се пласираат во јавноста, со предлог-заклучоци.

**ПРВА ТОЧКА: Расправа во врска со дезинформациите за мигрантски кампови и политичките манипулации кои се пласираат во јавноста, со предлог-заклучоци.**

Претседателот на советот отвори расправа и ги презентираше предлог-

заклучоците кои како прилог кон барањето за свикување на седницата беа поднесени од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата "Твоја Македонија", и тоа: (во интегрална форма на начин на кој се поднесени)

"Имајќи ги предвид надлежностите на единиците на локалната самоуправа во заштитата на безбедноста, јавниот ред, квалитетот на животот и стабилноста на локалната заедница;

Имајќи ја предвид чувствителноста на прашањата поврзани со миграцијата и нивното директно влијание врз општините, граѓаните и локалните институции;

Загрижени за појавата на лажни информации, манипулации и дезинформации во јавноста, со кои се создава страв, несигурност и вознемиреност кај граѓаните;

Свесни дека ваквите појави не претставуваат легитимна политичка дебата, туку директно го нарушуваат општествениот мир, довербата во институциите и стабилноста на локалната заедница;

Советот на општина Гази Баба на седницата одржана на 16 декември 2025 година, по претходна расправа ги донесе следните

**З А К Л У Ч О Ц И**

**ПРОТИВ ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ ЗА МИГРАНТСКИ КАМПОВИ И ПОЛИТИЧКИТЕ МАНИПУЛАЦИИ**

1. **СЕ ОСУДУВА** лажната кампања и манипулативното дејствување на опозициски политички субјекти, преку кои во јавноста се пласираат невистини и инсинуации за наводно прифаќање мигранти или изградба на мигрантски кампови на територијата на општините.

2. **СЕ КОНСТАТИРА** дека ваквите дезинформации се шират свесно и континуирано, со цел создавање паника и чувство на несигурност кај граѓаните, што директно ја нарушува стабилноста и спокојството во локалните заедници.

3. **СЕ ПОТВРДУВА** дека на територијата на општина Гази Баба нема, ниту било побарано, ниту е договорено, ниту ќе биде дозволено воспоставување мигрантски кампови, прифатни центри или какви било трајни форми на сместување мигранти.

4. **СЕ УТВРДУВА** дека со овие заклучоци се става крај на сите шпекулации, дезинформации и лажни сценарија поврзани со наводно прифаќање мигранти или изградба на кампови, и се потврдува јасна и непроменлива политика против нелегалната миграција, во интерес на безбедноста на граѓаните.

5. **СЕ ИЗРАЗУВА** поддршка на политиките на Владата насочени кон спречување на нелегалната миграција, заштита на државниот суверенитет и обезбедување стабилност и безбедност во локалните заедници.

6. **СЕ ИСТАКНУВА** дека меѓуетничките односи, стабилноста, толеранцијата и меѓусебното почитување се темелни вредности на локалната заедница и дека секое неодговорно политичко дејствување кое може да ги наруши овие односи претставува сериозна закана за општествената кохезија.

7. **СЕ ПОВИКУВААТ** сите политички субјекти, јавни функционери и јавни чинители да покажат одговорност во јавниот говор, да ги почитуваат фактите и да се воздржат од

ширење лаги и манипулации кои можат да предизвикаат страв, тензии и нарушување на јавниот ред во општината.

8. **ОВИЕ ЗАКЛУЧОЦИ** претставуваат јасна порака до граѓаните дека Советот на општина Гази Баба стои цврсто во заштита на нивната безбедност, мирниот живот и стабилноста на нашата локална заедница.

9. Со цел целосна транспарентност и навремено информирање на јавноста, овие заклучоци ќе бидат објавени на официјалната интернет страница на општината, како и преку останатите официјални канали за комуникација на општината, заради целосно и точно запознавање на граѓаните со нивната содржина и со ставовите на Советот.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во изминатиот период, во јавноста и меѓу граѓаните на општините се пласираа лажни сценарија и политички манипулации поврзани со наводно прифаќање мигранти и изградба на мигрантски кампови. Овие тврдења, кои не се засноваат на никакви факти или реални одлуки, предизвикаа вознемиреност, страв и чувство на несигурност кај дел од населението.

Прашањата поврзани со безбедноста, јавниот ред, стабилноста и квалитетот на животот имаат директно влијание врз локалните заедници и се од суштинско значење за работата на општинските институции. Затоа, Советот на општината има обврска јасно и недвосмислено да реагира кога преку дезинформации и политички конструкции се создава паника кај граѓаните и се нарушува општествениот мир.

Со овие заклучоци, Советот испраќа јасна порака дека на територијата на општината нема, ниту било, ниту ќе има воспоставување мигрантски кампови или трајни форми на сместување мигранти. Истовремено, се става крај на сите шпекулации и лажни сценарија што се користат за дневнополитички цели, на штета на граѓаните и локалната стабилност.

Дополнително, со усвојувањето на заклучоците се осудува неодговорниот јавен говор и политичките манипулации кои можат да ги нарушат меѓуетничките односи, толеранцијата и соживотот во општината - вредности кои претставуваат темел на локалната заедница и мора да бидат заштитени од секоја форма на злоупотреба.

Заклучоците претставуваат и израз на поддршка на политиките насочени кон спречување на нелегалната миграција, како и јасна определба на општината да стои во заштита на безбедноста, мирниот живот и интересите на своите граѓани.

Со ова образложение, Советот на општината ја потврдува својата одговорност да реагира навремено, јасно и транспарентно, секогаш кога локалната заедница е изложена на дезинформации, страв и политички манипулации."

Во расправата зедоа учество Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Биљана Муиќ (коалиција предводена од СДСМ), Владимир Бојанов (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ) и Влатко Ристовски (Левица).

Членот на советот - Биљана Муиќ (коалиција предводена од СДСМ) во име на советничката група предложи **заклучок како дополнување** на предлог-заклучоците, и тоа (во интегрална форма на начин на кој е доставен до претседателот на советот на самата седница):

"

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Гази Баба јасно и недвосмислено се спротивставува на евентуалното прифаќање на одбиените баратели на азил од Велика Британија на територијата на општината и воопшто во целата држава;

2. Советот смета дека евентуалното прифаќање ќе претставува економски, институционален и безбедносен ризик за локалната заедница и изразува категорично несогласување со какви било намери, одлуки или планови на Владата на Република Северна Македонија;

3. Советот бара, Владата и сите надлежни државни институции итно и официјално да соопштат дали постојат било какви активности  кои се однесуваат на прифаќањето на одбиените баратели на азил, поврзани со нашата општина и воопшто со целата држава.

4. Советот, го задолжува Претседателот на Советот овој  Заклучок да го достави до Градоначалникот, до Владата до надлежните министерства и сите релевантни институции.

5. Советот го задржува правото на повторно свикување седнуца, доколку од надлежните органи пристигнат официјални информации или иницијативи за кои општината треба да реагира. "

Претседателот на советот **предлогот за дополнување** на предлог-заклучоците го стави на гласање.

Советот **не го усвои** предлогот за дополнување на предлог-заклучоците, со **3 гласа "ЗА" и 17 гласа "ПРОТИВ"** .

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и предлог-заклучоците ги стави на гласање.

Советот ги донесе Заклучоците против дезинформацииите за мигрантски кампови и политичките манипулации, со **19 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - Виктор Трпевски ја заклучи Шестата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **13:45** часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот